**Додаток XIV**

# РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

**ДОО Раде Кончар-контактори и релеи, Скопје**
**Додаток XIV-Барање за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола**

**Содржина:**

**Додаток XIV Прилог 1:** План за управување со резидуи........................................................3

## 14 План за управување со резидуи

### 14.1 Вовед

Во кратки црти Планот за управување со резидуи ги опишува активностите кои би се превземале по затворање/престанок со работа на инсталацијата. Цел на изготвување на планот е обезбедување на простор кој ќе биде безбеден и ослободен од резидуи кои можат да резултираат со еколошко загадување, да ги дислоцира постројките и опремата, сите суровини и отпадни материи.
Во планот за управување со резидуи се предвидува дека затворањето/престанокот со работа на дел или на цела инсталација би бил познат однапред и складираните количини на суровини, помошни материјали и готови производи би биле исцрпени или сведени на минимум.

### 14.2 Пренамена на локацијата

Бидејќи локацијата е во градско подрачје, во прв ред пренамената би била во урбано подрачје. Доколку се утврди контаминација на површината ќе се превземат соодветни мерки во согласност со Законот за животна средина.

### 14.3 Контрола на остатоците на материјали на локацијата на инсталацијата

Се претпоставува дека периодот на затворање на инсталацијата би бил познат однапред, и складираните количини на суровини, помошни материјали и готови производи би биле исцрпени или сведени на минимум. Материјалите кои не се употребени ќе бидат вратени на добавувач. Со останатиот отпад ќе се постапи согласно програмата за управување со отпад се до целосно отстранување на целокупниот отпад. Отпадот во таложници од базени за таложење на метали ќе биде доведен до сува маса и предаден на фирма за постапување со опасен отпад. Опремата се проверува и доколку е застарена и не е во употреба се демонтира и се продава како секундарна суровина или се продава во целост, додека опремата која е функционална се дислоцира онаму каде што е потрабна или се продава на трето лице.

### 14.4 Постапка при напуштање на локацијата

Со цел да се обезбеди минимално влијание врз животната средина се планира намалено производство, престанува со работа процесната опрема, се дислоцираат сите суровини и крајни производи кои не се сметаат за отпад, се дислоцира опремата и се чисти инсталацијата. Претходно се изработува програма за постигнување на планираните активности за управување со резидуи во кои ќе бидат опишани сите фази на постапување.

### 14.5 Ремедијација на контаминирана површина

При уривање на таложниците од станица за третман на отпадна вода може да дојде до контаминација на почвата околу истите и во тој случај ќе се превземат мерки на отстранување како опасен отпад. Ќе се извршат мерења на контаминираноста на почвата на сите места со потенцијална опасност од загадување и ќе се превземаат горенаведените мерки.
Одржливост и проверка на планот за управување со резидуи: Во текот на оперативниот живот на инсталацијата, планот за управување со резидуи ќе се преиспитува во зависност од потребите и измените кои ќе се прават. Истиот ќе се ажурира со секоја измена и со секое ново истражување за загадување, како и истражување за ризиците кои произлегуваат од активноста од работниот век на инсталацијата.